**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-57

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од **КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д.** (Croatia osiguranje d.d.), со седиште на адреса Ватрослава Јагиќа 33, 10000 Загреб, Република Хрватска, доставено преку Љупка Новеска Андонова, Адвокат од Скопје, на седница одржана на ден 30.07.2018 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д.** (Croatia osiguranje d.d.), со седиште на адреса Ватрослава Јагиќа 33, 10000 Загреб, Република Хрватска, ќе стекне самостојна контрола над **ТЕСТИНГ ЦЕНТАР д.о.о.** (Testing Centar d.o.o.), со седиште на адреса Бишќе поље бб, Мостар, Босна и Херцеговина, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.07.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д.** (Croatia osiguranje d.d.), со седиште на адреса Ватрослава Јагиќа 33, 10000 Загреб, Република Хрватска, ќе стекне самостојна

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

контрола над **ТЕСТИНГ ЦЕНТАР д.о.о.** (Testing Centar d.o.o.), со седиште на адреса Бишќе поље бб, Мостар, Босна и Херцеговина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ д.д.** се бави со обезбедување на услуги на осигурување на живот и неживотно осигурување.

Поврзани претпријатија на Кроација осигурување во Република Македонија се:

**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за неживотно осигурување Скопје**, со регистрирано седиште на адреса Костурски херои бр. 38-4, Центар, Скопје, Република Македонија и

**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на живот Скопје**, со регистрирано седиште на адреса Костурски херои бр. 38, Центар, Скопје, Република Македонија.

**ТЕСТИНГ ЦЕНТАР д.о.о.**, во рамки на своето основно делување, им обезбедува на клиентите услуги во следните деловни процеси: работи за испитување и сертифицирање (атест) на возила, хомологација на возила, мобилност, промет и комуникација, анализа и архивирање на тахографски листови, податоци од дигитални тахографи и картици на возачите, американски возила – прилагодување за европскиот пазар и потврда за усклađеност за увоз во Босна и Херцеговина, процена на вредност на возила, процена на штета на возила, анализа и реконструкција на сообраќајни незгоди, стручно оспособување од областа на моторни возила (пр. оспособување за работа со дигитален тахограф, испитување на возила, итн.).

Тестинг Центар не е присутен во Република Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став(1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**